Grant Thornton
An instinct for growth™

# РЖ Економика

## Понуда за обезбедување на ревизорски услуги





**Динамичните организации знаат дека при донесувањето одлуки потребно е да се потпрат на рационалноста, но и на инстинктот. Токму на тој начин Грант Торнтон ги советува своите клиенти секојдневно. Ние преку комбинирање на врвната техничка експертиза со интуицијата, деловните трендови и довербата стекнати преку долгогодишното професионално искуство им овозможуваме на нашите клиенти да ги согледаат можностите за развој и просперитет.**

## Содржина


Вашите приоритети 4
- Ние ги разбираме Вашите барања 5
- За Грант Торнтон 6
- Индустриска експертиза 7
- Референтна Листа 8
- Надоместок 11
- Ангажиран тим 13
- Цели на ангажманот 15
- Пристап кон ангажманот 16
- Основи на доверба за инвеститорите 17

Решенија 18
- Преглед на услугата 19
- Раководење со ангажманот 22

Зошто Грант Торнтон? 24
- Зошто Грант Торнтон? 25
- Локално присуство, домашен тим на експерти 29
- Локално присуство, глобален тим на експерти 30
- Дополнителни услуги кои ги нудиме 32

Прилози 33
- Биографии 34
- Временска рамка 39
- Обем на работа и Извештаи 40

Grant Thornton
An instinct for growth™

ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА
ГРАНТ ТОРНТОН ДОО
Бр. 0801-435/1
02/06/ 2020 год.
СКОПЈЕ

**РЖ Економика АД, Скопје**
**Пошта 1001 п.фах 736**
**1000 Скопје**
**Македонија**
**Наш бр.: 0801-**
02 јуни 2020


**Grant Thornton DOO**
Sv. Kiril i Metodij 52b-1/20
1000 Skopje
Macedonia

T +389 (0)2 3214 700
F +389 (0)2 3214 710
contact@mk.gt.com
www.grantthornton.mk


Почитувани,

Со особено задоволство Ви ја приложуваме нашата Понуда за обезбедување на високо професионални услуги на РЖ Економика АД, Скопје за спроведување на ревизија на финансиските извештаи со што на Вас, Вашите инвеститори, добавувачи, клиентите и останати ќе им влее доверба што ќе Ви овозможи развој и просперитет.

Реномето на нашата Фирма, квалитетот на услугата и искуството во работењето на исти и слични ангажмани докажува дека го имаме потребното искуство и технички капацитет да одговориме на сите Ваши барања во согласност со утврдениот обем на работа, што е причина да ни ја укажете вашата доверба и да не одберете за Ваши ревозори. Работејќи со Грант Торнтон, Вие ќе соработувате со тим на искусни и еминентни професионалци кои имаат постигнато значајни успеси во ревизорската професија. Тие ќе бидат поддржани од страна на водечките партнери на ревизијата и ќе одговорат на Вашите барања за спроведување на високо квалитетна и ефикасна ревизија на Вашите финансиски извештаи.

Ние ќе Ви бидеме достапни за консултации и проактивно ќе Ви понудиме идеи и предлози кои ќе бидат дизајнирани според Вашите потреби. За време на целиот ангажман ќе оствруваме заеднички средби, кога потребите тоа ќе го наложат. Нашиот тим има богато искуство и може да одговори на сите Ваши потреби и прашања. Ние се гледаме како Ваши партнери во развојот, обезбедувајќи Ви интегриран пристап во обезбедувањето на услугата, преку која Вие ќе го остварите посакуваното ниво на успех. Бидејќи го цениме Вашето време ја структуиравме оваа понуда да Ви обезбеди соодветни информации кои Ви се потребни да донесете добро информирана одлука. Понудата е поделена на два основни дела: Вашите приоритети и Решенија. Дополнително, во Прилозите се вклучени информации за нашата Фирма и пристапот кој го користиме.

Ви благодариме на можноста да Ви ја доставиме Понудата во врска со избор на независен ревизор и да Ви обезбедиме сеопфатни професионални услуги за ревизија на финансиски извештаи. Се надеваме на идна, долгорочна и успешна соработка со Вас.

Со почит,

Марјан Андонов
Управител

Друштво за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје

# Вашите приоритети



# Ние ги разбираме Вашите барања

Во Грант Торнтон разбираме дека при изборот на партнер во работењето фирмите тргнуваат од различните потреби и интереси кои ги имаат. Овој дел од нашата понуда ги опфаќа специфичните потреби согласно Вашите барања, ги опишува придобивките и обезбедува релевантни материјални докази кои го покажуваат нашето искуство во обезбедување на услуги за клиенти кои имаат сличности во деловното работење.

Правните субјекти од Вашиот сектор се соочуваат со низа предизвици во работењето. За да се уверите дека Грант Торнтон може да Ви понуди решение на овие и останати важни барања побарајте ги одговорите на следните прашања:

- дали Грант Торнтон има докажано искуство во секторот?
- дали ќе добиеме вистинска вредност за разумна цена?
- дали тимот има техничко искуство, квалификации и способност за изнаоѓање решенија на вашите барања?
- може ли Грант Торнтон ефективно да соработува со нашиот тим?
- дали преку ревизијата која ќе ја спроведе Грант Торнтон ќе можеме да ги согледаме можностите за развој и факторите кои имаат влијание?
- како Грант Торнтон ефикасно ќе изгради основа за доверба на инвеститорите?

Донесувањето на која било деловна одлука со себе носи и ризици. Во улога на Ваши ревизори, ние се потпираме на рационалноста и инстинктот при донесувањето на одлуки и знаеме дека и Вие го применувате истот принцип. Наша цел е да Ве увериме дека го разбираме инстинктот кое е водечка сила за Вас и Вашиот бизнис и дека располагаме со докажани технички решенија со кои ќе ги задоволиме потребите кои ги наведовте како најзачајни за Вашето деловно работење.

# За Грант Торнтон

Грант Торнтон е една од водечките организации во светот составена од  независни фирми кои обезбедуваат ревизорски, даночни и советодавни услуги. Овие фирми им помагаат на динамичните организации да го поттикнат сопствениот потенцијал за раст, преку значајни и применливи совети. Проактивните тимови, кои се предводени од достапни партнери, користат деловни трендови, искуство и инстинкт да ги разберат комплексните прашања на приватните, котираните и клиентите од јавниот сектор истовремено помагајќи им во изнаоѓање на решенија. Повеќе од 56,000 професионалци на Грант Торнтон, во повеќе од 143 земји во светот, се фокусирани да преку својата работа позитивно влијаат на своите клиенти, соработници и заедницата во целост.

Низ годините Грант Торнтон беше наградуван од страна на многубројни меѓународни организации како резултат на стратешкиот развој, глобалното лидерство и извонредниот раст во целиот свет. Добиените награди ја одразуваат јачината на глобална организација како и на фирмите членки кои се посветени на обезбедување на високо квалитетни професионални услуги.

Тимовите на фирмите членки во светот работат и посетуваат обуки заедно, споделувајќи ги здобиените искуства во секторот, техничката експертиза и посветеноста за беспрекорно извршување на ангажманите. Без оглед на географската локација, ги применуваме истите деловни трендови, флексибилност и релевантно искуство. Секоја трансакција ја испитуваме објективно и работиме со вклучување на сите достапни ресурси за да дадеме совет со највисок квалитет, обезбедувајќи им на клиентите специфично искуство, кое не може да се споредува со она на нашите конкуренти.

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Грант Торнтон Интернационал во Македонија. Ние сме една од најпознатите фирми кои обезбедуваат професионални услуги во регионот посветена на опслужување на значителна и обемна база на клиенти која вклучува корпорации, финансиски институци, владини тела, поединци со високи ликвидни финансиски средства, на кои им помагаме да го поттикнат сопствениот потенцијал за раст обезбедувајќи им осмислении, соодветни совети преку широк спектар на ревизорски, даночни и советодавни услуги.

Наградуваната техничка експертиза ја комбинираме со интуиција, деловни трендови и доверба стекнати преку долгогодишното искуство во секторот и  деталното разбирање на потребите на нашите клиенти, при што испорачуваме прилагодени услуги и сеопфатни решенија, комбинирајќи ги услугите и дејствувајќи како една интегрирана фирма.

Повеќе од 17 години, Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Грант Торнтон Интернационал во Македонија, што ни овозможува при работењето да ги комбинираме знаењата и искуствата од локалниот пазар со технологиите, методологиите и специјалистичките ресурси на професионалните услуги на организацијата која е една од водечките глобални сметководствени организации.

# Индустриска експертиза

## Придобивки

За време на спроведување на ангажманот Вие нема да го трошите вашето време да го подучувате нашиот тим. Искуството кое го имаме стекнато во Вашиот сектор, е гаранција дека ќе бидете опслужени од професионален тим кој има детални познавања за процесите и нормите на работење на Вашиот бизнис. Со реализација на ангажманот почнуваме навремено, при што Ви овозможуваме да останете фокусирани на извршувањето на Вашите клучни деловни цели.

## Зошто можете да верувате во квалитетот на нашата услуга

Грант Торнтон  има долгогодишно искуство во обезбедување на ревизорски услуги за клиенти од Вашиот сектор. За извршување на ангажманот ние ќе го ангажираме нашиот ревизорски тим лидер во спроведувањето на независна ревизија со релевантно искуство од Вашата индустрија, кое е од витално значење за успешно спроведување на овој ангажман, притоа обезбедувајќи неспоредлив квалитет на услугата. Искуството со кое располагаме го потврдува кредибилитетот потребен да се изврши ревизијата на финансиските извештаи и притоа да се постигне посакуваното ниво на сигурност на заинтересираните страни.

Ние спроведуваме ревизии во согласност со МСФИ стандарди, локални стандарди и регулативи. Исто така сме биле советници при трансакции, финансиски зделки, спојувања, превземања, отуѓувања, финансирања, прекугранични заеднички вложувања, ангажмани поврзани со регулаторни тела за даночни и други регулаторни прашања. Во значителен дел од овие ангажмани не сме имале само еднократна советодавна улога, туку тоа било тековно, во некои случаи и периодично во текот на годините, што ни овозможи да ги разбереме потребите на клиентите и пошироко од рамките на еден индивидуален ангажман.

Нашата фирма има воспоставено уникатен модел на услуги кој нуди карактеристични можности, локално и меѓународно, преку вклученост и комуникација на партнери. Преку меѓународната перспектива која е дел од нашиот пристап на работење ние сме подготвени да асистираме, проактивно да покренеме прашања постоечки ризици и доколку се јави потреба да го водиме персоналот на нашиот клиент низ целиот процес на ревизија.

# Референтна Листа

| Ревизорски Услуги - Државни Компании, Институции & Агенции | | |
|---|---|---|
| Елем | Мепсо | Агенција за вработување |
| Агенција за електронски комуникации | Македонска Пошта | Спортска Сала Борис Трајковски |
| ТЕЦ Неготино | Аеродром Александар Велики Скопје | Аеродром Св. Апостол Павле Охрид |
| МЖ Транспорт | МЖ Инфраструктура | Клинички Центар Скопје |
| Национал Парк Галичица | Дирекција за Технолошко Индустриски Развојни Зони | ЈП Изградба и Стопанисување на Станбен и Деловен Простор |
| Комунална Хигиена | Водовод и Канализација Скопје | Водовод Куманово |
| Проаква Охрид | Водовод Струмица | Водовод Битола |
| Агенција за Катастар на недвижности | Агенција за Странски Инвестиции | Агенија за Енергетика |
| Здружение за заштита на авторски музички права | Заедница на единиците на локалната самоуправа | Нискоградба Битола |
| Агенција за Цивилно Воздухопловство | Македонска Навигација М-НАВ | Македонија Пат |
| Национален Парк Маврово | Службен Весник на РМ | Европска Бизнис Асоцијација |
| Словеначко Македонски Бизнис Клуб | ЈПАУ Македонија | Македонска Развојна Фондација за Претпријатија |
| Дервен Битола | Хидросистем Злетовица | Јавно Сообраќајно Претпријатие Скопје |
| Исар Штип | Скопски Џез Фестивал | |

| Ревизорски Услуги - Компании од Јавен Интерес и Приватни Компании Assurance Services - Public & Private Companies | | | |
|---|---|---|---|
| Макпетрол | Скопски Пазар | Македонијатурист | Киа Моторс |
| Кнауф | Кнауф Радика | Гентерм | Деламоде |
| Технички Гасови Скопје | ТГС Сол Хидропоуер | ТГС Сол Сее | Јес Глобал |
| ЕДС Енерџи Деливери Солушнс | ПЦЦ Хидро | ПЦЦ Нев Хидро | Хидро Енерџи Гроуп |
| ВИК Македонија | Негорски бањи | Дојран Стил | Полиестердеј |
| Каргомакс | Мете Мајнинг | Аитоникс | Екотип |
| Тхор Импекс | Бест Вej Инвестмент | Балкан Еко Фруит | Енмон |
| Телма ТВ | Тинекс | Витаминка | Млекара Тетово |
| Ливиа Агрикултурал Вентурес | Макпромет | Европа | Илинден 2002 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Тритекс | Квалитет Пром | Рапид Билд | Детоил |
| М-Кар | БЛС Гроуп | Цермат | Генералтурист |
| Тетекс | Еко Циркон | Геинг | Агрохемија |
| Агролозар | Тинекс | Кадино Индустри Груп | Даталаб |
| Жито Прилеп | Житолеб | Жито Лукс | Жито Скопје |
| Тутунски Комбинат Скопје | Мермерен Комбинат Прилеп | Тутунски Комбинат Прилеп | Тутун Прилеп |
| Цигари Прилеп | Тобако | Фудбалска академија | РК Вардар |
| Здружение ЖРК Вардар | ФК Вардар | РК Пролет | Попова Кула |
| МЗТ Пумпи | Леарница Охрид | МЗТ Хепос | Инбокс |
| ФЗЦ 11 Октомври | Трансбалкан | Оаза Екстра Скопско | СИС Авиатион |
| Машинопромет | Југохром | Конти Хидропласт | Бортас |
| Логин Системи | Јака 80 | Медиа Принт Македонија | Метромед |
| Здравје Радово | Мак Аутостар | Адинг | Агромеханика |
| Виталиа | Неуромедика | Тојота Автоцентар | Спорт Медиа Пресс |
| Порше Македонија | Македонски Авио Транспорт | Алфа Копи | Далвина |
| Раух | Акуапура | Стоп&Го | Технокомерц |
| Микеи Интернационал | Зорлутекс | Радика Ресорт | Актор Македонија |
| Сивва Гроуп | Гама Македонија | Принтек | Инженеринг Теракота |
| Спридер | Кри Кри | Корлеа Инвест Холдинг | Цукич и Марков |
| АТУ Македонија | Сага Македонија | Макомаркет | Електроелемент |
| Мик Свети Николе | КаблеТел | Нелт СТ | Охис |
| Паскалин Кафе | Оилко | Пеко Тржич | Радика Казино |
| Сурвалент Технолоџи | Петролгас | Комуна | Спортски Центар Јане Сандански |
| Елан Пропертис | Кабтел | Макител | ДМ Маркети |
| Еуро Актива | Еуроланд | Адора Инженеринг | Тобачна Промет |
| Минел Цер | Тетекс Јарн | Кимико Гардине | СИС Инвест |
| Виор Ростраj | Бусемак | Југосвен | ЦМБ Балканс |
| Мармакс Гроуп | СИС Балкан | Инженеринг Дасс | Метрополитен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Аир Сервис Македонија | Голд Фарм | Оспам | ТДК Компјутери |
| Јадран Готтино | Консалтинг Д | Дот Архитекти | Глобал Конструктион |
| Бадел 1862 | Сиива Групација | Ивесткооп | ЈСП Актуел |
| Пром Гас | Доримак | Ма Труст | Трудбеник |
| Ипсос Македонија | Дуна Компутерс | Булгартел | НАТ Текстиле |
| Робне Куче Београд | ТЕ ТО Енерги | СМ 94 Скопје | Моментум |
| Сага БиХ | Бизнис Центар Адинг | Инвест А | Пан Интертрејд |
| Електрометал | Лилли Дрогерие | Сага Монтенегро | Ведрина 2 |
| ИГМ Траде | Жикол | Продис | Балкан Груп Констракшн |
| Пренекон | ПЗУ Диамед | АБ Охрид | Кранфилд Фаундри |
| Вик Македонија | Дура Аутомоитив | РЖ Економика | Тхор Импекс |
| Тренд МР | 11 Октомври -Еурокомпозит | Лајка мобајл | Енерџи Суплај М |
| Актуел Енерџи | ЈС Актуел | Коле транс | Бест веј инвестмент |
| Лимак претставништво | Органско хемиска индустрија Наум Наумовски Борче | | |

# Надоместок

## Придобивки

Ние сме отворени и транспарентни во поглед на политиката за цени кон сите наши клиенти. Нашата сеопфатна финансиска понуда за Вас е дадена во продолжение. Веруваме дека со ангажирањето на Грант Торнтон за ваши ревизори, Вие ќе ја добиете вистинската вредност и Ве уверуваме дека инвестицијата во Грант Торнтон е вистинската, имајќи во предвид дека придобивките од нашите услуги кои ќе ги остварите се многукратно поголеми од надоместокот кој ќе го платите.

Пред почетокот на секој ангажман, ќе Ви овозможиме комплетен увид во она што ние ќе го изработиме, за кој надоместок и кои се целите и придобивките за Вашето деловно работење. Исто така можете да бидете сигурни дека нема да се сретнете со непријатни изненадувања поврзани со висината на цената.

Иако професионалните услуги често се сметаат за класичен производ, факт е дека треба да очекувате дополнителна вредност од ангажманот на ревизорот. Ве уверуваме дека ќе се потрудиме покрај услугата која ја извршуваме, да Ве запознаеме со сите можности за раст на Вашиот бизнис кои ветуваат идни успеси.

## Зошто можете да ни верувате

Надоместокот кој го предложивме е пресметан врз основа на нашето искуство во извршување на ревизорски услуги на друштва од индустрискиот сектор со слична големина и притоа ги земавме во предвид следниве претпоставки:

- временската рамка за спроведување на ангажманот се договара на почетниот состанок и истата мора да се почитува;
- потребните документи и податоци неопходни за спроведување на ревизијата ќе бидат достапни на денот на отпочнување на ангажманот;
- клучниот персонал е достапен во текот на работниот ден, за време на спроведувањето на ревизијата, за да навремено одговорат на прашањата кои може да произлезат како и да излезат во пресрет на барањата за дополнителни информации;
- дополнителните услуги од кои произлегуваат дополнителни надоместоци, ако постојат, ќе ги договориме со Вас пред да отпочнеме со активности за нивно спроведување;
- предложениот надоместок вклучува и наша асистенција при рутински прашања кои може да се јават во текот на годината со што сакаме да поттикнеме постојан и континуиран дијалог со Вас и Вашиот тим.

| Професионални услуги | |
|---|---|
| **Ангажман** | **Нето Надоместок** |
| Ревизија на финансиските извештаи на РЖ Економика АД, Скопје со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2020 година; | |
| Проверка на конзистентноста на Годишниот извештај за работењето на Друштвото РЖ Економика АД, Скопје за 2020 година со податоците од годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото. | |
| **Вкупно** | **€ 2,000** |

Надоместокот и направените трошоци не вклучуваат локални, државни или странски даноци, камата или банкарски трошоци, давачки од било каква природа.

Надоместокот ќе биде платен во македонски денари, пресметано по среден курс на еврото објавен од НБРМ на денот на фактурирањето.

Врз основа на времето потребно за извршување на ангажманот, плаќањето ќе се изврши на следниот начин:

| | |
|---|---|
| I рата – со отпочнување на теренска работа | 50% |
| II рата – со доставување на нацрт извештај | 50% |

# Ангажиран тим

## Придобивки

Ангажираниот тим е внимателно одбран со познавање на работењето и активностите неопходни за спроведување на квалитетна и независна ревизија на финансиските извештаи од индустрискиот сектор.

Во составот на тимот имаме ревизори и останати специјалисти со опширно познавање на работењето на вашиот сектор кои ќе Ви помогнат Вашето работење да го усогласите со постоечките законски регулативи, кои вооедно ќе Ви понудат и решенија не само да ги задоволите туку и да ги надминете воспоставените стандарди. Ве уверуваме во навремено и квалитетно исполнување на ангажманот.

Го цениме Вашето време за кое веруваме дека треба да го насочите да останете целосно фокусирани на вршењето на вашите тековни обврски.

Вашиот ревизорски тим кој раководи со проектот има искуство со уникатните предизвици и прашања со кои се соочува Вашиот сектор, и поради тоа од особена важност е да Ви овозможи да:

- имате пристап до ревизорски тим кој е запознаен со проблематиката која се однесува на Вашиот сектор;
- добиете практични сознанија и насоки преку кои ќе ја унапредите во целост Вашата бизнис стратегија;
- одбегнете непријатни изненадувања и да добиете предвремена идентификација на одредена проблематика од страна на тимот кој проактивно работи да ги предвиди Вашите потреби;
- добиете навремен, точен и авторитетен повратен одговор кој се базира на вистинско разбирање и применување на најдобрата пракса и врвни решенија, кои се однесуваат на Вашиот сектор.

Тимот на Грант Торнтон ќе ги минимализира сите прашања кои можат да влијаат на текот на Вашето деловно работење, со директен осврт на прашањата кои се од посебно значење за засегнатите страни, притоа обезбедувајќи високо-квалитетни услуги кои се во согласност со Вашата деловна стратегија и очекувањата поврзани со секторот на кој му припаѓате. Клучните членови на тимот ја водат канцеларијата на Грант Торнтон и се лидери во својата професија. Ружица, Марјан и Сузана заедно имаат повеќе од 90 години искуство во обезбедување на услуги на компании од вашиот сектор.







Ружица Филипчева
E.Ruzica.Filipceva@mk.gt.com

Марјан Андонов
E. Marjan.Andonov@mk.gt.com

Сузана Ставриќ
E. Suzana.Stavrik@mk.gt.com

**Ружица Филипчева, Партнер**

Како Претседател на Бордот на Партнери на Grant Thornton моја одговорност е да ја дефинирам визијата за иднина, стратегијата за раст и да ја водам фирмата низ ова променливо и комплексно пазарно општество. Јас имам повеќе од 40 години искуство во професијата, сум работела со специјализирани раководни тимови, инвеститори и заемодаватели при развој и имплементација на решенија за задржување и подобрување на постоечките вредности. Пред да станам Претседател на Бордот на Партнери на Grant Thornton бев на позицијата Managing Partner на фирмата и имав водечка улога како лидер на ревизијата, проценки, услугите за реструктуирање и реорганизација и бев вклучена во најголемите проекти во обезбедување на ревизорски и советодавни услуги го регионот.

**Марјан Андонов, Партнер**

Јас имам долгогодишно искуство како партнер за ревизија, лоциран во канцеларијата во Скопје и ги поддржувам динамично растечките бизниси од големи интернационални и котирани компании до мали почетни бизниси.  Со моето 30 годишно искуство во ревизијата и сметководството, сум работел во многу индустрии и сум советувал клиенти почнувајќи од start up бизниси па понатаму. Мојата улога како партнер за  ревизија и услугите за уверување ми овозможува да имам увид во фазите на развој на клиентите и на тој начин да им овозможам придобивки од експертизата и услугите кои ги нуди Grant Thornton а се во согласност со нивните потреби и очекувања. Покрај работата со клиенти, јас исто така сум ментор за колегите и инвестирам од своето време во поддршка на останатите вработени да ја развиваат својата кариера.

**Сузана Ставриќ, Партнер**

Она што навистина ми се допаѓа во мојата позиција во Grant Thornton е можноста да работам со клиенти од различни сектори и индустрии за делосно да ги разберам нивните бизниси, нивните потреби и нивните очекувања. Јас сум на позиција Лидер на одделот за ревизија во  Grant Thornton и сум одговорна за тимовите за финансиска индустрија во нашите канцеларии, при што внимавам нашите професионални тимови да работат ефективно со нашите клиенти и да остварат долгогодишни односи при обезбедувањето на високо-квалитетна ревизија. Со повеќе од 25 години искуство во ревизија и финансии, јас сум специјализирана за работа со најголемите банки, осигурителни компании, инвестициски фондови, штедилници, брокерски друштва и фирми од кредитниот сектор и редовно сум назначувана како експерт од страна на регулаторите.

# Тим за обезбедување на услуги

Тимот кој го составивме според Вашите потреби, има големо искуство во областите кои се приоритетни за Вас и ја разбира огромната важност на ревизијата, која не се сведува само на претставување на точноста на податоците содржани во финансиските извештаи. Ревизијата дава увид и во начинот на управување, претставувајќи им ја целосната слика за бизнисот на потенцијалните инвеститори и аналитичарите/  со постоечките можности за раст и развој.

| | |
|---|---|
| Марјан Андонов | Партнер за ревизија |
| Сузана Ставриќ | Партнер за контрола на квалитет |
| Маја Атанасовска | Партнер |
| Иван Панев | Супервизор |

# Специјализиран тим

| | |
|---|---|
| Горан Костиќ | Специјалист за информатичка технологија |

# Зошто можете да ни верувате

Грант Торнтон спроведува годишно испитување на задоволството на клиентите од извршените услуги, со цел да потврди дека нашите тимови квалитетно и професионално ги извршуваат ангажманите Според The Performance Improvement Company, независна компанија за спроведување на истражувања “ Резултатите на Grant Thornton, споредени со оние на другите компании, не само што беа високи, туку нивната вредност беше статистички значајна за секој од десетте критериуми”.

# Цели на ангажманот

## Придобивки

Ние разбираме дека Вие барате фирма која објективно ќе ја провери точноста на информациите и податоците содржани во финансиските извештаи и процесите на финансиско известување и ќе обезбеди ревизија која е веродостојна, технички точна и дизајнирана според Вашите потреби.

Грант Торнтон ќе Ви обезбеди ревизија која има идивидуален пристап и со која ќе добиете насоки кои се специјално дизајнирани за институција со големина и комплексност како Вашата. Таквиот пристап ни овозможува да се фокусираме на прашањата кои се значајни за Вашиот бизнис,  навремено да Ве известиме за постоењето на евентуални забелешки и да изнајдеме брзи и навремени решенија.

## Зошто можете да ни верувате

При спроведувањето на ревизијата ние нема да примениме стандарден пристап - свесни сме дека растечки бизнис како Вашиот нема да оствари придобивки од стандардизиран ревизорски пристап кој се користи во целиот сектор. Ние ја спроведуваме ревизијата на начин кој одговара на секој бизнис индивидуално. Искуството со кое се имаме здобиено преку работењето со клиенти со слично деловно работење како Вашето, Ви дава сигурност дека ќе бидете опслужени од тим составен од експерти кои се здобиле со искуство од прва рака во решавањето на проблеми од истата природа со кои се соочувате и Вие.

Со цел подобро и подетално да ги разбереме Вашите сегашни и идни потреби и да Ви понудиме решенија кои се однесуваат на постоечките ризици, Ви предлагаме да оствариме иницијален состанок со целда ги утврдиме Вашите очекувања, да продискутираме за бизнис ризиците, да го одредиме делокругот на работа и да ги идентификуваме прашањата поврзани со ревизијата во тековната година кои е потребно да се решат. Следствено со заедничка соработка ќе ја  изработиме и временската рамка согласно Вашите барања.

# Пристап кон ангажманот

## Придобивки

Покрај добивањето на добро поставени ревизорски решенија, ние разбираме дека Ваша примарна грижа е Вашиот бизнис. За да Ви помогнеме да бидете во чекор со најновите случувања во секторот и да разберете како тие ќе влијаат врз Вашиот бизнис, ние ќе Ве информираме за сите важни промени во законската регулатива, не само преку редовни емаил известувања и покани за едукативни семинари за Вашите членови на тимот, туку и преку редовни средби со Вашето раководство. Иако во моментов Вие имате потреба само од нашите ревизорски услуги, ние нудиме широк спектар на дополнителни услуги на локално, национално и меѓународно ниво и вклучуваме наши колеги во тимот кога сметаме дека одредена проблематика е од суштинска важност за унапредување на Вашето деловно работење.

## Зошто можете да ни верувате

Ние инвестираме време за да изградиме долгорочна соработка со Вас, со цел да можеме вистински да ги разбереме Вашите деловни операции, цели и планови. Нашите искусни партнери и менаџери ќе ги споделат со Вас нивните размислувања и идеи кои ќе Ви помогнат да добиете дополнителна вредност за Вашиот бизнис.

Нашата посветеност да ги разбереме деловните прашања кои имаат влијание на Вашето работење, претставува значен дел од нашата работа како Ваши ревизори. Како членови на Амчам и Европската Бизнис Асоцијација сме во тесна соработка со истите за полесно и поточно да дојдеме до информации за начините на кои бизнисите како Вашиот пристапуваат кон деловните ризици и можностите за развој. Во минатото сме биле консултанти на локални, национални и меѓународни организации на теми поврзани со даночни реформи, одржливост на мали бизниси, економска конкурентност, пристап до капитал ангажирани како потврдени експерти кои ги разбираат последиците од водење бизнис на нашиот пазар во денешни услови.

Во прилог на оваа понуда, вклучивме и листа на клиенти за кои сме обезбедиле ваков тип на услуги. Се надеваме дека со овие препораки и одржаните состаноци со Вас ги докажавме нашите способности за задоволување на Вашите суштински потреби. Ресурсите со кои Грант Торнтон располага - локални и меѓународни - потврдуваат дека нудиме севкупен спектар на услуги за поддршка на Вашиот бизнис.

# Основи на доверба за инвеститорите

## Придобивки

Ви треба ревизор со докажани квалификации на пазарот на капитал. Грант Торнтон ќе Ви обезбеди високо квалитетна ревизија, која се темели на долгогодишното искуство и примената на најдобрите воспоставени методологии и техничка експертиза. Ќе добиете препораки и извештаи кои се темелат на долгогодишното искуство на нашите локални и меѓународни тимови и истовремено ќе Ви овозможиме увид  во деловните трендови кој ќе Ви помогне во планирањето на следните развојни етапи на Вашето Друштво.

## Зошто можете да ни верувате

Ние секојдневно им помагаме на голем број компании како Вашата како долгорочен партнер и консултант кој обезбедува широка палета на услуги.  Денес Грант Торнтон обезбедува ревизорски услуги на повеќе од 3,000 котирани компании ширум светот, кои котираат на повеќе од 30 берзи. Во Македонија ние:

- имаме обезбедено услуги на најголемите компании кои котираат на берза
- обезбедуваме професионални услуги на водечките индустрии
- имаме воспоставено соработка со најзначајните претставници во финансиската индустрија.

# Решенија



# Преглед на услугата

## Ревизорскиот пристап на Грант Торнтон

Она што со сигурност може да очекувате да го добиете од Грант Торнтон е високо квалитетна ревизија на Вашите финансиски извештаи. При подготовката на индивидуалната програма за ревизија која се однесува на Вашиот бизнис, ние ги комбинираме искуствата и експертизата на повеќе од 20,000 професионални ревизори ширум светот, со цел да спроведеме ревизија која ќе биде ефикасна и ќе обезбеди уверување на заинтересираните страни.

При спроведувањето на ангажманот нашите тимови ги комбинираат рационалноста и инстинктот и ова е фундаменталниот аспект на нашата корпоративната култура, и е она што го диференцира Грант Торнтон. Нашиот пристап содржи:

- редовни средби и блиска комуникација со одборот за ревизија и раководниот тим
- квалитетен ревизорски тим и соодветна поддршка
- сеопфатно планирање
- употреба на иновативна технологија
- транспарентност во текот на целиот процес

## Придобивка од ревизорскиот пристап

Секој клиент има различно разбирање на терминот "вредност" кога станува збор за добиени ревизорски услуги.

За да сте сигурни дека Вие имате придобивка која е најзначајна за заинтересираните страни во однос на Вашите финансиски извештаи, ние го започнуваме спроведувањето на ангажманот со формирање на високо квалификуван тим.

Тимот ќе биде составен од посветени професионални ревизори кои го разбираат Вашиот бизнис, како и индустријата во која дејствувате, и исто така ќе вклучиме и експерти од областите сметководство, даноци и информатички техологии.

Заедно, овој тим не само што ќе спроведе високо професионална ревизија, туку тие ќе ја искористат можноста да Ви обезбедат дополнителна вредност за Вашиот бизнис обезбедувајќи увид во деловните трендови и прашања кои се од голема важност за Вас.

Овие информации може ќе Ве насочат кон нови размислувања од што ќе се родат нови идеи за унапредување на перформансите и ефикасноста.

Бидете сигурни дека ние во Грант Торнтон веруваме дека секоја ревизија треба да понуди дополнителна вредност за Вас и Вашиот тим.

# Процесот на ревизија

Во табелата подолу се сумирани клучните чекори во процесот на ревизија.

| Ревизија | |
|---|---|
| **Пристап од пет чекори** | |
| Планирање | Во оваа фаза ние вршиме преглед и стекнуваме разбирање за Вашето работење, системот на внатрешна контрола и информационите системи. Заеднички ќе го испланираме временскиот распоред за спроведување на ревизијата. |
| Процена на ризиците | Стекнатото знаење од процесот на планирање ќ е го примениме при процената на ризиците на финансиското известување. Ние ќе го прилагодиме нашиот пристап за да се фокусираме на клучните прашања. |
| Евалуација на системите за внатрешна контрола | Ние ќе извршиме процена на дизајнираниот систем на контрола кој го применувате на ризиците од финансиското известување. Ќе ги идентификуваме областите каде нашата ревизија може да биде поефективна или поефикасна со примената на пристап кој вклучува тестирање на контролите. Ќе Ви обезбедиме информација за областите каде што потенцијално можете да ги подобрите контролите. |
| Ревизорско тестирање | Ќе извршиме тестирање на состојбите и трансакциите. Ние користиме технологија и алатки, вклучувајќи истражни алатки за да го спроведеме процесот на начин кој ја зголемува ефективноста и ефикасноста. |
| Наоди и известување | Заклучоците ги донесуваме врз основ на резултатите од спроведените тестови. Ќе го финализираме нашиот извешта ј и ќе Ви ги доставиме нашите согледувања, заклучоци и препораки. |

# Планирање

Планирањето е процесот во кој ние се фокусираме на стекнување на разбирање за Вашите деловни предизвици и ризици со кои се соочувате, организациона структура, клучните деловни процеси и процесите на финансиско известување, како и специфичните настани и трендови во индустријата со цел зголемување на ефективноста и ефикасноста на ревизијата.

# Процена на ризиците

При процената на ризиците во финансиското известување го применуваме top-down пристапот. Овој процес вклучува остварување состаноци со Вашиот одбор за ревизија и клучниот раководен персонал, како и одговорните лица во одделот за финансии**.** Истовремено вклучува и проверка на импликациите од финасиското известување кои произлегуваат од Вашите стратешки цели, задачи, бизнис планови и ризични области. За време на процената на ризиците ги земаме во предвид и постоењето на измама или грешка што може да резултира со материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи.

# Евалуација на системите за внатрешна контрола

За развој на стратегија за ревизија, професионалните стандарди ни наложуваат да извршиме преглед на работењето на субјектот и неговото опкружување, притоа вклучувајќи ја и внатрешната контрола. Го започнуваме овој процес со евалуација на контролите кои се поврзани со финансиското известување. Овој ангажман вклучува аспекти од Вашето контролно опкружување, процената на ризикот, мониторинг, информациските системи (вклучувајќи информациска технологија) и процесот на финансиско известување. Ние исто така вршиме преглед и на контролата на активностите за финансиско известување како евиденција и процесирање на трансакциите.

Добиените резултати ги користиме за да:

- ги идентификуваме различните типови грешки кои можат да настанат;
- се оценат недостатоците на внатрешната контрола кои можат да го зголемат ризикот од материјални грешки;
- се дизајнираат стратегии за тестирање на внатрешна контрола каде таков пристап би бил соодветен.

Врз основа на оваа оцена, ние ќе ги идентификуваме областите каде ревизијата може да биде по ефективна и ефикасна со примена на пристап кој вклучува тестирање на контролите.

## Тестирање

Нашиот ревизорски пристап кој се заснова на ризиците се фокусира на оние тврдења од финансиските извештаи кај кои постои зголемен степен на ризик од материјални грешки. Врз основа на сознанијата со кои располагаме за Вашето деловно работење и искуството со други субјекти од секторот, ќе извршиме комбинација од тестови и тоа на тестови на контрола, тестови на детали и аналитички процедури, како:

- потврдување (конфирмирање) на состојбите или трансакциите
- тестирање на високи вредности, невообичаени и други клучни ставки и ставки избрани со рутински примероци
- повторна пресметка, проверка, постапки на набљудување
- аналитички процедури, вклучувајќи анализа на трендови, анализа на показатели и тестови на разумност.

Нашиот фокус на предвременото планирање и разбирање на дејноста ни овозможува да ги прилагодиме нашите ревизорски процедури со цел да постигнеме ефективна и ефикасна ревизија.

Нашиот пристап ќе вклучува периодични (интерим) и годишни тестирања.

## Наоди и известување

Ние ќе го изготвиме и ќе Ви го доставиме следното:

- Извештај на независните ревизори за финансиските извештаи
- Писмо до раководството во кое се објаснуваат недостатоците во контролата откриени при ревизијата, наша препорака за нивно решавање и други наоди и препораки за деловни прашања кои се покренати
- Известување до одборот за ревизија во делот на нашите видувања за квалитетот и спроведувањето на сметководствените принципи.

# Раководење со ангажманот

## Технологија

Детално планирање и примената на напредните технологии ја зголемуваат ефикасноста на ангажманот, што ни овозможува навремено и квалитетно спроведување на услугата.

Пред да отпочнеме со теренската работа, ќе оствариме состаноци со Вашиот раководен тим за да од прва рака ги запознаеме Вашите потреби и очекувањата кои ги имате, како и да ги дефинираме временските рокови за спроведување на ангажманот.

Секоја од фирмите членки на Грант Торнтон применуваат конзистентен пристап на раководење со ангажманот, со што Ви гарантира сигурност дека истите високо квалитетни стандарди ќе бидат достапни без оглед на тоа на која локација и под чија правна јурисдикција се наоѓа или функционира Вашиот бизнис.

Хоризон, ревизорската методологија која ја применуваме во Грант Торнтон е дизајнирана за да обезбеди постојани и конзистентни стандарди на ревизија без оглед на локацијата на која нашите клиенти работат.

Следствено, ревизорските тимови немаат потреба да вршат усогласување на документите со користење на различни алатки. Фирмите членки на Грант Торнтон го применуваат Хоризон ревизроскиот пристап преку употреба на сопствената софтверска алатка наречена Војагер.

## Евиденција за почитување на договорените рокови

Процесот на планирање вклучува взаемен договор помеѓу Вас и ангажираниот персонал на Грант Торнтон, кој се однесува на договорената временска рамка за извршување на услугата.

Ние водиме детална и сеопфатна листа на сите отворени прашања/ставки што редовно се проследува во текот на спроведувањето на ревизијата.

Назначениот тим од Ваша страна ќе се состанува најмалку еднаш неделно во периодот кога се спроведува теренската работа со раководителите на сметководството или на финансискиот оддел за редовно да ги известува за статусот и наодите од спроведувањето на ревизијата.

## Решавање на отворени прашања

Кога некој проблем ќе биде идентификуван, Вие ќе имате можност да учествувате во дискусијата со партнерите кои имаат детално познавање на професионалните стандарди и професионалците од нашата локалната канцеларија. Дискусијата се однесува на примената на релевантните сметководствени принципи и стандарди и преглед на прелиминарните резултати од спроведувањето на ангажманот.

Во најголем дел од случаите, прашањата ќе бидат разрешени од страна на ангажираниот партнер, кој тесно соработува со Вашето раководство со цел да ги идентификуваат  сите факти за да донесе правилен заклучок.

овремено, кога станува збор за специфични прашања, може да се јави потреба да ја вклучиме и нашата Група за Меѓународни Професионални Стандарди, која се состои од повеќе од 100 професионалци лоцирани во останатите канцеларии ширум светот. ГМПС е сочинета од специјалисти за сметководствени и ревизорски стандарди, ИФРС, правила и прописи на берзите и други регулаторни барања, како и етика и независност, и услуги за меѓународни клиенти.

## Нашата посветеност за квалитетна услуга на клиентите

Внимателното планирање, комуникацијата и тимска работа се клучни за обезбедување на квалитетна услуга. Исто така, нашиот модел за обезбедување на услуги на клиентите вклучува одржување редовни состаноци на кои ќе се дискутира за тековните прашања и проекти, како и оддржување на неделни состаноци за време на процесот на подготовка на ангажманот. Ние ќе соработуваме директно со Вашите тимови обезбедувајќи им совети со што ќе ги подготвиме  за можна појава на отворени прашања пред тие да произлезат.

# Зошто Грант Торнтон?



# Зошто Грант Торнтон?

Грант Торнтон е една од светските водечки организации на независни фирми кои обезбедуваат сметководствени, даночни и советодавни услуги.Овие фирми им помагаат на динамичните организации да го поттикнат сопствениот потенцијал за раст, преку значајни и применливи совети. Проактивните тимови, кои се предводени од достапни партнери, користат деловни трендови, искуство и инстинкт да ги разберат комплексните прашања на приватните, котираните и клиентите од јавниот сектор истовремено помагајќи им во изнаоѓање на решенија. Повеќе од 50,000 професионалци на Грант Торнтон, во повеќе од 144 земји во светот, се фокусирани да преку својата работа позитивно влијаат на своите клиенти, соработници и заедницата во целост.

## Подобра услуга на клиентите

Како наши клиенти Вие ќе стекнете подобро искуство, во што и самите ќе се уверите. Фирмите членки на Грант Торнтон ширум светот го мерат задоволството на клиентите на годишна основа, а споредено со стандардите во секторот, според Net Promoter Score ™ клиентите на Грант Торнтон ширум светот, постојано го рангираат високо на скалата за мерење на задоволството.

**Ваша придобивка:**
Вие ќе добиете квалитетна услуга и ќе стекнете позитивно  искуство.

## Ние ги разбираме динамичните организации како Вашата, бидејќи и ние сме насочени кон раст

Ние обезбедуваме услуги на динамични и растечки организации, бидејќи и ние самите сме динамична организација, насочни кон раст. Во 2013 година, Грант Торнтон оствари највисоката стапка на раст помеѓу шестте глобални сметководствени комании и ја доби наградата Global Network of the Year која ја доделува International Accounting Bulletin, единственото глобално сметководствствено списание кое се однесува на нашиот сектор.

Бројките и наградите се само еден мал дел од приказната. Ние не им обезбедуваме услуги на динамичните компании затоа што ни е потребен нов поттик за раст, ниту пак го правиме ова за да освоиме награди, туку затоа што самиот факт дека играме важна улога од нешто што е вака големо и е од огромна важност, само по себе е награда и предизвик.  Ние сакаме да бидеме дел од Вашиот успех и Ве покануваме и Вас да бидете дел од нашиот.

**Ваша придобивка:**
Ќе работите со тим кој ја разбира позицијата на растечките компанија на различните  пазари ширум светот.

## Брзина и агилност при донесувањето одлуки и изнаоѓање на решенија

Грант Торнтон е организациски структуиран на начин кој овозможува да реагира брзо за да ги задоволи потребите и барањата на клиентите. Ние одлуките ги носиме локално, наместо сите отворени прашањата кои ги имате да поминуваат низ еден комплексен ланец на правила за донесување на одлуки.

**Ваша придобивка:**
Ќе ги добивате одговорите и решенијата побрзо, што Ви овозможува да бидете целосно фокусирани на водењето на Вашиот бизнис.

## Јасно разбирање на функционирањето на бизнис како Вашиот

Меѓу нашите  клиенти се вбројуваат најголеми светски компании, но и средни и мали бизниси. За разлика од нашите поголеми конкуренти кои работат исклучиво со големи компании, како и нашите помали конкуренти кои речиси и да не работат со големи организации, широчината на нашата база на клиенти ни овозможи да се стекнеме со знаења во однос на комплексноста со која работат различни бизниси, како и различноста на прашањата и ризиците со кои тие се соочуваат.  Ние и предходно сме соработувале со компании кои се со слична големина во истиот сектор како и Вашиот и кои се соочуваат со прашања слични на Вашите. Ние бевме во можност успешно да ги советуваме во однос на ризиците/ можностите со кои располагаат и со тоа на клиентот да му овозможиме да го развие својот бизнис.

**Ваша придобивка:**
Уникатна перспектива на предизвиците со кои може да се соочи Вашиот бизнис и практични совети како да го избегнете ризикот.

## Исклучителни луѓе посветени да ја дизајнираат уникатната услуга за Вас

Нашите луѓе се нашиот највреден капитал, и нивниот професионален развој е од витално значење. Еден од нашите стратешки приоритети кои ги имаме е да ги привлечеме, да им овозможиме развој и да ги задржиме најдобрите луѓе со најразлични функции во Грант Торнтон. Нашата посветеност кон нашите луѓе не е само призната во рамките на нашата фирма, фирмите на Грант Торнтон во светот се наградувани за способноста и квалитетот на нашиот персонал и нашата посветеност на нивниот развој. Ќе ги истакнеме добиените признанија за Бест Workplaces 2013 (Institute Canada), именувањето за Top 100 Graduate Employer (The Times of London) и помеѓу другото Best Company to Work for во Мексико (Super Empresas).

**Ваша придобивка:**
Ангажманите успешно се завршуваат со задоволни професионалци, кои се инспирирани, поттикнати и талентирани, кои позитивно влијаат преку својата работа и притоа се експерти во својата област. На овој начин добивате континуитет и постојаност во обезбедувањето на високо-квалитетни услуги.

## Покрај ревизија, обезбедуваме и даночни и советодавни услуги

Долгогодишното искуство во обезбедувањето на ревизорски, даночни и советодавни услуги, му овозможува на Грант Торнтон да Ви обезбеди комбинирани услуги. Преку нашиот комбиниран ревизорски и даночен пристап брзо ги воочуваме сите прашања и/или ризиците со кои Вашиот бизнис може да се соочи и работиме на истите навремено и ефикасно.

Додека многу компании нудат само една или две услуги, Грант Торнтон нуди широка палета на комплементарни услуги кои се темелни, ефикасни и на клиентите им овозможуваат да заштедат на време и пари.

**Ваша придобивка:**
Фирма која нуди широка палета на услуги и секогаш ќе Ви понуди нешто повеќе.

## Вредност која ја добивате за Вашите пари

Како наш ценет клиент, ние ќе останеме во постојана и проактивна комуникација со Вас преку целата година, да ги дискутираме новите бизнис трендови и прашања поврзани со вашиот сектор. Тимот од Грант Торнтон задолжен за Вашиот ангажман ќе разговара со Вас за влијанијата на новите правила и регулативи врз Вашиот бизнис и ќе ги споделат со Вас најдобрите практики вклучително и препораки кои додаваат вредност при решавањето на одредени прашања.

Покрај ревизија, советодавни и даночни услуги, Грант Торнтон спроведува голем број на истражувачки проекти вклучувајќи го и International Business Report (IBR) – квартално истражување на 3,000 бизнис лидери во 40 економии ширум светот. IBR овозможува увид во прашања кои ја движат глобалната економија и кои се од огромно значење за компаниите. Обезбедува податоци за движењето на трендовите во последните 20 години за повеќето членови на Европската унија и трендовите за последните 10 години за голем број економии кои не се во рамките на ЕУ, со што истовремено Ви овозможува и надворешна перспектива на прашањата со кои се соочува Вашиот бизнис.

**Ваша придобивка:**
Ние проактивно ќе Ве информираме за сите надворешни промени кои можат да влијаат на Вашиот бизнис во случаи и кога тоа не е дел од ангажманот.

## Искусен тим

Соодносот на Партнери и професионален персонал кај фирмите членки на Грант Торнтон изнесува 1:9, додека просечниот сооднос Партнери и професионален персонал во останатите глобални компании е 1:15. Ова ни овозможува да обезбедиме лична посветеност и вклученост на лидерите при спроведувањето на ангажманот, притоа гарантирајќи Ви високо квалитетни совети од искусни експерти кои се посветени на задоволување на Вашите потреби.

Во крајна линија, она што е потребно е тимот што ќе го изберете да биде правилно одбран консултант во кого ќе имате доверба. Тим кој постојано ќе Ве поддржува и нема да се двоуми дали со Вас да ги сподели своите размислувања и да Ви даде совети кои се технички точни, но со прагматична перспектива на деловните предизвици со кои се соочувате.

Ние сме длабоко уверени дека нашите луѓе позитивно ќе влијаат на Вашиот бизнис преку дејствувања не само преку идеи и размислувања следејќи го добро-познатиот хандс-он пристап за кој веруваме дека ќе Ви донесе придобивки.

Предложениот тим од наша страна е внимателно одбран и вклучува професионалци со соодветно ниво на вештини и искуство кои ќе ни овозможат да спроведеме детална и независна ревизија која ќе обезбеди уверување дека сите Ваши деловни  активности се во ред. Ние сме цврсто убедени дека познавањето на производниот сектор е исклучително значајно и затоа избравме тим на специјалисти со соодветни познавања.

**Ваша придобивка:**
Гаранција дека експертите кои ќе го извршуваат ангажманот ќе Ви обезбедат високо квалитетна услуга.

## Прилагоден деловно советодавен модел




Многу компании нудат несоодветни совети и решенија на своите клиенти. Ние во Грант Торнтон веруваме дека секој клиент треба секогаш да добие прилагоден, прагматичен деловен совет без разлика на големината или комплексноста на ситуацијата.

Business Insights Model (BIM) на Грант Торнтон е наш сопствен модел кој го аплицираме при анализата на Вашиот бизнис и го споредуваме со најдобрите практики од глобалната организација. BIM се фокусра на унапредување на критичните двигатели на развој на бизнисот: стратегија и структура, процеси, луѓе и организациона култура, управување со финансии и надворешни фактори вклучувајќи ги потребите на пазарот; регулаторни и правни прашања и потреби и барања на клиентите. Целиот наш персонал е обучен на овој начин да го анализира Вашето деловно работење, со цел да Ви обезбедиме практичен увид во деловните трендови, кога тоа ќе биде потребно.

**Ваша придобивка:**
Пристап врз основа на најдобри практики прилагоден на Вашите потреби.

# Локално присуство, домашен тим на експерти

## Национално присуство и експертиза

Грант Торнтон Македонија е една од водечките фирми кои обезбедуваат ревизорски, даночни и советодавни услуги. Со канцеларија во Скопје со 60 вработени, применуваме проверени технички насоки и огромно искуство при обезбедување на услугите со цел нашите клиенти да добијат навистина различно искуство. Ние сме посветени позитивно да влијаеме на нашите клиенти, нашата фирма и заедницата и денес токму така и дејствуваме во градовите каде што сме присутни.

**Ваша придобивка:**
Ние реагираме брзо на Вашите потреби и прашањата кои ги имате. Ние ги донесуваме нашите одлуки локално наместо да поминуваат преку комплексен ланец за донесување на одлуки.



| Неколку Факти | | |
|---|---|---|
| | Грант Торнтон Македонија | Grant Thornton International Ltd* |
| Приходи | УС$962 илјарди | УС$5.72 милјарди |
| Вработени | 60 | 56,000+ |
| Партнери | 5 | 3,000+ |
| Канцеларии | 2 | 700 |

*Вкупни податоци на фирмите членки на Grant Thornton International Ltd

# Локално присуство, глобален тим на експерти

## Глобално присуство и експертиза

Грант Торнтон е една од водечките организации во светот составена од  независни фирми кои обезбедуваат ревизорски, даночни и советодавни услуги. Во повеќе од 143 земји во светот,  повеќе од 56,000 професионалци на Грант Торнтон, применуваме проверени технички насоки и огромно искуство при обезбедување на услугите со цел нашите клиенти да добијат навистина различно искуство. Ние сме посветени позитивно да влијаеме на нашите клиенти, нашата фирма и заедницата и денес токму така и дејствуваме во градовите каде што сме присутни.



| Неколку Факти | | |
|---|---|---|
| | Grant Thornton International Ltd* | Grant Thornton LLP** |
| Приходи | УС$5.72 милјарди | УС $1.216 милијарди |
| Вработени | 56,000+ | 6500+ |
| Партнери | 3,000+ | 530+ |
| Канцеларии | 700+ | 56 |

**Вкупни податоци на фирмите членки на Grant Thornton International Ltd
**USA фирма членка на Grant Thornton International Ltd

# Глобално присуство и локална експертиза

Ние ги нудиме наште услуги на клиенти во повеќе од 143 земји во светот преку канцелариите во Европа, Азија, Пацификот, Африка, Среден Исток и Северна и Јужна Америка. Како наш клиент Вие ќе ги имате на располагање ресурсите, вештините и искуството од големата глобална фирма, достапноста и вниманието на локалната фирма, се со цел да го добиете најдоброто. Повеќе од 56,000 вработени работат за да обезбедат услуги кои ќе ги задоволат потребите на растечките, динамични бизниси. Како резултат на нашата работа, го добивме и признанието Network of the Year Winner кое го доделува International Accounting Bulletin.

**Ваша придобивка:**
Ние реагираме брзо на Вашите потреби и прашањата кои ги имате. Иако сме дел од глобална организација, ние ги донесуваме нашите одлуки локално наместо да поминуваат преку еден комплексен ланец на донесување одлуки.

# Дополнителни услуги кои ги нудиме

| Наши Услуги | | | |
|---|---|---|---|
| **Ревизија** | **Даноци** | **Консалтинг** | **Сметководство** |
| • МСФИ ревизија<br>• Законска ревизија<br>• Преглед на финансиски извештаи<br>• Ревизија за финансиски информации<br>• Составување на финансиски извештаи<br>• Ангажман за однапред договорени постапки<br>• Усогласување со законска регулатива<br>• Меѓународни ревизии | • Корпоративен данок<br>• Меѓународно оданочување<br>• Трансферни цени<br>• Индиректни даноци<br>• Задржан данок | • Услуги за одредување на деловни ризици<br>• Трансакциско советодавни услуги<br>• Ретструктурирање и реорганизација<br>• Спојувања и преземања<br>• Проектни финансии<br>• Процени | • Финансиско сметководство<br>• Човечки ресурси<br>• Администрирање на плати<br>• Планирање на буџет<br>• Финансиско известување<br>• Услуги на финансиска контрола<br>• ЦЕО услуги<br>• ЦФО услуги<br>• Услуги за подршка<br>• Корпоративно право<br>• Работни односи и вработувања<br>• Интелектуална сопственост<br>• Лиценци и дозволи<br>• Банкарство и финансии<br>• Недвижности<br>• Проекти и инфраструктура<br>• Корпоративно управување |

Грант Торнтон опслужува голем број на клиенти од сите индустрии и со различни сопственички структури. Големината на нашата база на клиенти ни овозможува да се стекнеме со познавања во однос на комплексноста на работењето на големите корпорации, но и на помалите клиенти кои имаат најразлични потреби и прашања.

# Прилози



# Биографии

## Марјан Андонов

**Партнер**



### Искуство

Јас имам долгогодишно искуство како партнер за ревизија, лоциран во канцеларијата во Скопје и ги поддржувам динамичко растечките бизниси од големи интернационални и котирани компании до мали почетни бизниси.  Со моето 30 годишно искуство во ревизијата и сметководството, сум работел во многу индустрии и сум советувал клиенти  почнувајки од старт уп бизниси па понатаму. Мојата улога како партнер за ревизија и услугите за уверување ми овозможува да имам увид во фазите на развој на клиентите и на тој начин да им овозможам придобивки од експертизата и услугите кои ги нуди Грант Торнтон а се во согласност со нивните потреби и очекувања. Покрај работата со клиенти, јас исто така сум ментор за колегите и инвестирам од своето време во поддршка на останатите вработени да ја развиваат својата кариера

### Експертиза

- МСФИ ревизија
- Законска ревизија
- Преглед на финансиски извештаи
- Ревизија на финансиски информации
- Составување на финансиски извештаи
- Ангажман за однапред договорени постапки
- Усогласување со законската регулатива
- Меѓународни ревизии

### Квалификации

- Дипломиран економист
- Овластен ревизор во Република Северна  Македонија
- Овластен ревизор во Република Косово
- Овластен сметководител во Република Северна Македонија

### Јазици

- Македонски
- Англиски
- Српски

### Контакт информации

Марјан Андонов
Грант Торнтон ДОО
Т. +389 (0)2 3214 700
E. Marjan.Andonov@mk.gt.com

# Сузана Ставриќ

**Партнер**



**Искуство**

Она што навистина ми се допаѓа во мојата позиција во Грант Торнтон е можноста да работам со клиенти од различни сектори и индустрии за целосно да ги разберам нивните бизниси, нивните потреби и нивните очекувања. Јас сум на позиција Лидер на одделот за Ревизија во Грант Торнтон и сум одговорна за тимовите за финансиска индустрија во нашите канцеларии, при што внимавам нашите професионални тимови да работат ефективно со нашите клиенти и да остварат долгогодишни односи при обезбедувањето на високо-квалитетна ревизија. Со повеќе од 25 години искуство во ревизија и финансии, јас сум специјализирана за работа со најголемите банки, осигурителни компании, инвестициски фондови, штедилници, брокерски друштва и фирми од кредитниот сектор и редовно сум назначувана како експерт од страна на регулаторите.

**Експертиза**

- МСФИ ревизија
- Законска ревизија
- Преглед на финансиски извештаи
- Ревизија на финансиски информации
- Составување на финансиски извештаи
- Ангажман за однапред договорени постапки
- Усогласување со законската регулатива
- Меѓународни ревизии

**Квалификации**

- Дипломиран економист по економија
- Овластен ревизор во Република Северна Македонија
- Овластен ревизор во Република Косово

**Јазици**

- Македонски
- Англиски
- Српски

**Контакт информации**

Сузана Ставриќ
Грант Торнтон ДОО
Т. +389 (0)2 3214 700
E. Suzana.Stavrik@mk.gt.com

# Маја Атанасовска

**Партнер**



**Искуство**

Јас имам 14 годишно искуство специјализирано во ревизија и сум Партнер во одделот за Ревизија. Работам со голем број на клиенти од старт-уп претприемачи до котирани компании и индивидуалци со високи финансиски средства притоа помагајќи им да ги остварат своите стратегии. Целта е иста: да се даде прагматичен комерцијален совет кој е прилагоден на потребите на клиентот во секој стадиум од нивниот развој. Овозможувајќи им на клиентите да го ослободат потенцијалот за развој е вистинско задоволство за нашата работа и за целиот тим кој придонел за тоа.

**Експертиза**

- МСФИ ревизија
- Законска ревизија
- Преглед на финансиски извештаи
- Ревизија на финансиски информации
- Составување на финансиски извештаи
- Ангажман за однапред договорени постапки
- Усогласување со законската регулатива
- Меѓународни ревизии

**Квалификации**

- Дипломиран економист по сметководство и ревизија
- Овластен ревизор во Република Северна Македонија
- Овластен ревизор во Република Косово

**Јазици**

- Македонски
- Англиски
- Српски

**Контакт информации**

Маја Атанасовска
Грант Торнтон ДОО
Т. +389 (0)2 3214 700
Е. Maja.Atanasovska@mk.gt.com

# Иван Панев

**Супервизор**



**Искуство**
Јас сум Супервизор во одделот за ревизија во канцеларијата во Скопје. Имам11-годишно ревизорско искуство во деловно растечки компании во приватна или државна сопственост, и воспоставувам цврсти односи со клиентите врз основа на лична комуникација. Мојата улога во ревизорските ангажмани е извршување на теренски ревизии, суштински тестирања, аналитички прегледи, сметководствена анализа, подготовка на документација за внатрешна контрола и темелно тестирање.

**Експертиза**
- МСФИ ревизија
- Законска ревизија
- Преглед на финансиски извештаи
- Ревизија на финансиски информации

**Квалификации**
- Дипломиран економист по бизнис администрација

**Јазици**
- Македонски
- Англиски

**Контакт информации**
Иван Панев
Грант Торнтон ДОО
T. +389 (0)2 3214 700
E. Ivan.Panev@mk.gt.com

# Горан Костиќ

**Специјалист по информатичка технологија**

---

**Искуство**

Со повеќе од 11 години искуство во полето на Информатичката Технологија, сум работел со многу клиенти од многу сектори на подобрување на управувањето, подобрување на рамката за управување со ризици, сум обезбедувал услуги на уверување од информатичката технологија како и дизајнирање и тестирање на процеси и контроли за сите аспекти на ризици. Јас сум Раководител на Секторот за Информатичка Технологија во нашата фирма, што вклучува водење и развивање на оваа област од бизнисот заедно со услугите во делот на ревизијата, даноците, аутсорсингот и советодавните услуги.

**Експертиза**

- Администрација на хардвер исофтвер
- Управување со информатички системи
- LAN и WAN дизајн и управување
- Управување со податоци
- Технолошко планирање и управување
- Уверување во интегритет на податоци
- Ревизија на системи за процесирање на податоци
- Ревизија на информатички системи
- Безбедносни контроли и мерки

**Квалификации**

- Дипломиран градежен инжињер
- Сертифицитан специјалист за интерконекциски Cisco мрежни уреди (ICND2
- Сертифициран Microsoft специјалист

**Јазици**

- Македонски
- Англиски
- Српски

**Контакт информации**

Горан Костиќ
Грант Торнтон
Т. +389 (0)2 3214 700
Е. Goran.Kostikj@mk.gt.com

# Временска рамка

Детално и добро координирано планирање на ревизијата е од клучно значење за нејзино ефикасно и ефективно спроведување. Предложениот план бара да се воспостави блиска соработка помеѓу нашиот ревизорски тим задолжен за спроведувањето на ангажманот и Раководството на Друштвото  како во фазата на планирање така и во периодот на спроведување на ревизијата. Во согласност со определениот обем на ревизијата, сметаме дека времето кое е потребно за нејзино спроведување, теренска работа и изготвувањето на извештаите ќе биде околу околу (2) две недели по започнување на работата на терен и добивање на потребната документација. Во секој случај ова ќе биде точно дефинирано на состаноците кои ќе ги оствариме.




| Временска рамка | |
|---|---|
| **Нашиот ревизорски пристап** | **Потребно време** |
| Планирање | 5 дена |
| Теренска работа | 10 дена |
| Известување | 5 дена |

## Зошто можете да ни верувате

Нашата репутација се базира на две работи: квалитетот на извршениот ангажман и почитувањето на договорените рокови за негово исполнување.  Не правиме никакви компромиси кога станува збор за квалитетот на нашата работа при исполнувањето на предвидените рокови. Вашите рокови ги сфаќаме сериозно и целосно ги почитуваме. Почитувајќи ги договорените рокови,  истовремено го почитуваме и Вашето и нашето време.

# Обем на работа и Извештаи

Активностите превземени од страна на Грант Торнтон Доо, Скопје во рамките на ангажманот ќе вклучуваат:

- Ревизија на финансиските извештаи на Друштвото РЖ Економика АД, Скопје со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2020 изготвени во согласност со законската регулатива на Република Северна Македонија (Закон за трговски друштва, Сл.Весник на РМ бр. 28/2004.....120/2018) и сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија;

- Проверка на конзистентноста на Годишниот извештај за работењето на Друштвото РЖ Економика АД, Скопје за 2020 година со податоците од годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото (Закон за ревизија член 34, Сл. Весник на РМ бр. 83/2018).

Ние ќе ја спроведеме нашата ревизија во согласност со ревизорските стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија[1].Тие стандарди бараат да се придржуваме кон етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјални погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази во врска со износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Одбраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Исто така, ревизијата вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Поради инхерентни ограничувања на ревизијата, заедно со инхерентните ограничувања на интерните контроли, постои неизбежен ризик дека некои материјални погрешни прикажувања може да останат неоткриени, иако ревизијата е соодветно планирана и извршена во согласност со ревизорските стандарди кои се во примена во Република Македонија (МСР).

При вршењето на нашата проценка на ризикот, ние ја земаме предвид интерната контрола која е релевантна за подготвувањето на финансиските извештаи од страна на ентитетот со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не со цел да се изрази мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Меѓутоа, ние писмено ќе комуницираме со вас во врска со сите значајни недостатоци на интерната контрола значајни за ревизијата на финансиските извештаи коишто ќе бидат идентификувани во текот на ревизијата.

---

[1] Меѓународни стандарди за ревизија ("МСР") издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување ("ОМСРУ"), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во "Службен весник на Република Македонија" бр.79 од 2010 година.

Нашето мислење ќе се однесува на објективноста и точноста на Билансот на состојба, Билансот на приходи и расходи и на Извештајот за промените во изворите на деловни средства, како и останатите објаснувачки белешки во согласност со релевантаната законска регулатива на Р.М..

Врз основа на резултатите добиени при вршењето на ревизијата и по комплетирањето на ревизијата, ние ќе издадеме:

- Извештај на независните ревизори, од извршената ревизија на финансиските извештаи на Друштвото РЖ Економика АД, Скопје со состојба на и за годината што завршува на 31 Декември 2020, на македонски јазик;

- Извештај на независните ревизори од извршената проверка на конзистентноста на Годишниот извештај за работењето на Друштвото РЖ Економика АД, Скопје за 2020 година со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи, на македонски јазик;

- Писмо до Раководството во кое ќе бидат претставени нашите наоди, коментари и препораки во врска со сметководствениот систем, внатрешната контрола, информационите системи и операции со препораки за нивно подобрување, на македонски јазик.

Нашата ревизија е извршена врз основа дека раководството прифаќа и разбира дека тие имаат одговорност:

- За подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи на РЖ Економика АД, Скопје за 2020 година во согласност со законската регулатива на Република Северна Македонија (Закон за трговски друштва, Сл.Весник на РМ бр. 28/2004.....120/2018) и сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија, на македонски јазик;

- За подготвување и објективно презентирање на Годишниот извештај за работењето на Друштвото РЖ Економика АД, Скопје за 2020 година на македонски јазик;

- За оние интерни контроли за кои раководството определило дека се потребни да се овозможи подготвување на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување, било заради измама или грешка; и

- Да ни обезбеди:

    - Пристап до сите информации за кои раководството е свесно дека се релевантни за подготвувањето на финансиските извештаи како што се евиденции, документација или други информации;

    - Дополнителни информации кои можат да бидат побарани за целите на ревизијата; и

    - Неограничен пристап до персоналот во ентитетот од кој може да определиме дека е потребно да се обезбеди ревизорски доказ.

Како дел од нашиот процес на ревизија, од раководството и, кадешто е соодветно, од оние кои се задолжени за управувањето, ќе побараме писмена потврда во однос на изјавите кои ни се дадени во врска со ревизијата.

© 2020 Grant Thornton DOO. All rights reserved.

Grant Tornton” refers to the brand under which the Grant Tornton member firms provide assurance, tax and advisory services to their clients and/or refers to one or more member firms, as the context requires.

Grant Thornton DOO is a member firm of Grant Tornton International Ltd (GTIL). GTIL and the member firms are not a worldwide partnership. GTIL and each member firm is a separate legal entity. Services are delivered by the member firms.

GTIL does not provide services to clients. GTIL and its member firms are not agents of, and do not obligate one another and are not liable for one another’s acts or omissions.

**www.grantthornton.mk**